Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 330/0306
30.11 2017 год.
Скопје

30.11.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Киро Мацунаров за прилогот насловен „Кривична од Исар за говорник на партиска трибина. Тврдат дека лажел, клеветел и ширел паника меѓу народот“, објавен на Телевизија „Стар“, како и за прилогот насловен „Исар: Водата од штипската филтер станица е исправна“, емитуван на Телевизија „Ирис“.**

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

- Прилозите се професионални и испочитувани се етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 октомври 2017 година, Киро Маџунаров поднесе жалба за прилогот со наслов „Кривична од Исар за говорник на партиска трибина. Тврдат дека лажел, клеветел и ширел паника меѓу народот", објавен на 9 октомври 2017 година, на телевизија „Стар" (www.televizijastar.com), како и за прилогот со наслов „Исар: Водата од штипската филтер станица е исправна", објавен на 9 октомври 2017 година, на Телевизија „Ирис" (www.iris.mk).

Во жалбата се наведува дека споменатите телевизии му го ускратиле правото на жалителот за демант, односно за слободно искажување на неговиот став и мислење, по добиено барање за извинување.

*„Како граѓанин учествував на трибина организирана од една политичка партија. Таму пред присутните приложив материјален доказ – шише со заматена вода, наполнета од штипскиот градски водовод. Оваа информација беше искористена како ударна вест (без споменување на моето име) на штипските регионални телевизии ТВ Стар и ТВ Ирис. Како реакција на објавената вест, добив закана од Ј.П. Исар (Ј.П. задолжено за водоснабдување на градот) – доколку не се извинам во рок од два дена дека ќе добијам соодветна тужба. Јас како граѓанин побарав простор и во двете телевизии за да го кажам својот став и размислување за нешто што сум го кажал на јавна трибина, користејќи го своето право на слободен говор. Ова право не ми беше дозволено од ниту една од споменатите телевизии"*, се наведува во жалбата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизиите „Стар" и „Ирис" и побара уредничките колегиуми да се изјаснат по однос на наводите од жалбата. Од „Стар" не одговорија, а од „Ирис" одговорија на наводите на жалителот.

Сметаат дека наводите на жалителот се неосновани и дека немале обврска да му обезбедат објавување демант.

*„Наша екипа ја следеше трибината на која почитуваниот гледач беше присутен и изнесе свое тврдење за чистотата на водата во Штип. Ниту сме зеле изјава од него, ниту е коментирана неговата изјава. Господинот дојде во редакцијата на ТВ Ирис на 13 октомври, на последниот ден од кампањата и бараше да даде изјава дека неговото тврдење за водата, која ја посочил на трибината е вистинито. Бидејќи тоа го сметавме за дел од кампања не дозволивме да даде таква изјава. Бидејќи на ТВ Ирис не одела негова изјава со тврдење дека водата е загадена, го упативме во медиумите каде таа изјава е дел од информативните програми"*, се вели во одговорот на ТВ Ирис.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Комисијата за жалби најде дека жалбата е **НЕОСНОВАНА**.

На седницата на 14.11.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби, најпрво, констатираше дека во оспорените прилози нема прекршување на општите новинарски стандарди и дека авторите ги испочитувале општите начела содржани во Кодексот на новинарите на Македонија.

Членовите на Комисијата констатираа дека телевизиите ТВ Стар и ТВ Ирис можеле, но немале обврска, да му овозможат објавување демант на жалителот, бидејќи во својата содржина не го објавиле неговиот идентитет. Медиумот е должен да објави демант или нечиј став само во случаи кога некој е наведен со име и презиме или е визуелно прикажан во новинарскиот продукт. Според членот 3 од Кодексот на новинарите на Македонија новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување исправка, демант или одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

Сепак, Комисијата се согласи дека споменатите телевизии, и покрај тоа што немале обврска, немало да згрешат ако на жалителот му овозможеле објавување демант или извинување, постапувајќи во согласност со членот 1 од Кодексот на новинари, во делот во кој се вели:

„Новинарот треба да обезбеди „втора страна", односно да даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад или критика".

При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

Се обврзуваат телевизија Ирис (www.iris.mk) и телевизија „Стар“ (www.televizijastar.com), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје *

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595